**ДП. бр.34/14**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Снежана Фитеска извршител, како Претседател на Дисциплинска комисија и Саветка Георгиева извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, Претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје судија Владимир Панчевски, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Зулќуфли Ајвази од Министерство за правда, како членови на Дисциплинска Комисија и секретар на Дисциплинска комисија Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-324 од 05.12.2014 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител З. М. лично, по одржан претрес, на ден 03.02.2015 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН Извршителот З. М. именуван за  подрачјето на Основниот суд во К., Основниот суд во К.и Основниот суд во К. ул. Ј. О. бр.___ К. П..

ЗАТОА ШТО:

1. Извршителот З. М.од К.П., вршејќи ја должноста на извршител неоправдано го одложувал извршувањето по извршниот предмет заведен под И.бр.182/12 од 03.02.2012 година, од причина што, на ден 03.02.2012 година извршителот од страна на доверителот ДГПУ О.- П. ДООЕЛ К. П., примил барање за извршување врз основа на извршна исправа Пресуда ПС.бр._____ од 21.12.2004 година на Основен суд К. и истиот го завел под И.бр.182/12 од 03.02.2012 година, по што извршителот во конкретниот извршен предмет две години односно од 13.02.2012 година кога го издал Налогот за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ, па се до 29.05.2014 година не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побарувањето од страна на должникот во име на доверителот, со што постапил спротивно на чл.27 став 2 од Законот за извршување;
2. Извршителот вршејќи ја должноста извршител неоправдано го одложувал извршувањето по извршниот предмет заведен во неговата канцеларија под И.бр.199/12 од 14.02.2012 година, од причина што на ден 14.02.2012 година извршителот од страна на доверителот ДГПУ О.- П. ДООЕЛ К. П., примил барање за извршување врз основа на извршна исправа Пресуда I. П.бр._____ од 07.09.2004 година на Основниот суд К. П. и истото го завел под И.бр.199/12 од 14.02.2012 година, по што извршителот во конкретниот извршен предмет две години од 10.11.2012 година од кога издал Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ, не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побрувањето од страна на должникот во име на доверителот, со што постапил спротивно на чл. 27 ст. 2 од Законот за извршување;
3. Извршителот вршејќи ја должноста на извршител неоправдано го одложувал извршувањето по извршниот предмет заведен во неговата канцеларија под И.бр.233/12 од 27.02.2012 година, од причина што на ден 27.02.2012 година извршителот од страна на доверителот ДГПУ О.- П. ДООЕЛ К. П., примил барање за извршување засновано на извршна исправа Решение ПЛ-ТС-____ од 26.04.2011 година на Основен суд К., по што во конкретниот извршен предмет две години од 01.03.2012 година од кога го издал Налогот за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ па се до 29.04.2014 година не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побарувањето од страна на должникот во име на доверителот, со што постапил спротивно на чл. 27 став 2 од Законот за извршување;
4. Извршителот вршејќи ја должноста на извршител неоправдано го одложувал извршувањето по извршниот предмет заведен во неговата канцеларија под И.бр.232/12 од 27.02.2012 година, од причина што на ден 27.02.2012 година изврштелот примил барање за извршување врз основа на Решение УПДР.бр.------ од 27.01.2011 година на нотар В.М. од К. П. и истото го завел под

И.бр.232/12 , по што извршителот во конкретниот предмет две години од 30.04.2012 година од кога го издал налогот за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ па до 11.06.2014 година не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побарувањето од страна на должникот во име на доверителот, со што постапил спротивно на чл.27 ст. 2 од Законот за извршување,

со кои дејствија извршителот З. М. од К.П. сторил дисциплинска повреда по чл.54-г став 1 алинеја 10 од ЗИ " неоправдано го одложува извршувањето"
па согласно чл. 54-б став 2 му се изрекува парична казна во висина од ____ евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекувањето.

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот З. М. од К. П. утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Предлогот за поведување на дициплинската постапка УПП.бр.09-324 од 05.12.2014 година против извршителот З. М. од К. П. е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителелот врз основа на Извештај од вонреден надзор над работењето на истиот УПП.бр.09-324 од 19.11.2014 година спроведен од страна на овластени лица од Министерството за правда на ден 17.09.2014 година.
Предлогот е со наводи кои го товарат извршителот З. М. од К. П. дека вршејќи ја должноста на извршител неоправдано го одложувал извршувањето по извршниот предмет заведен под И.бр.182/12 од 03.02.2012 година, од причина што на ден 03.02.2012 година извршителот од страна на доверителот ДГПУ О.- П. ДООЕЛ К. П., примил барање за извршување врз основа на извршна исправа Пресуда ПС.бр.--------- од 21.12.2004 година на Основен суд К. и истиот го завел под И.бр.182/12 од 03.02.2012 година, по што извршителот во конкретниот извршен предмет две години односно од 13.02.2012 година кога го издал Налогот за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ, па се до 29.05.2014 година не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побарувањето од страна на должникот во име на доверителот дека извршителот вршејќи ја должноста извршител неоправдано го одложувал извршувањето по извршниот предмет заведен во неговата канцеларија под И.бр.199/12 од 14.02.2012 година, од причина што на ден 14.02.2012 година извршителот од страна на доверителот ДГПУ О.- П. ДООЕЛ К. П., примил барање за извршување врз основа на извршна исправа Пресуда I. П.бр.-------- од 07.09.2004 година на Основниот суд К. П. и истото го завел под И.бр.199/12 од 14.02.2012 година, по што извршителот во конкретниот извршен предмет две години од 10.11.2012 година од кога издал Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ, не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побрувањето од страна на должникот во име на доверителот, понатаму дека извршителот вршејќи ја должноста на извршител неоправдано го одложувал извршувањето по извршниот предмет заведен во неговата канцеларија под И.бр.233/12 од 27.02.2012 година, од причина што на ден 27.02.2012 година извршителот од страна на доверителот ДГПУ О.- П. ДООЕЛ К. П., примил барање за извршување засновано на извршна исправа Решение ПЛ-ТС---------- од 26.04.2011 година на Основен суд К., по што во конкретниот извршен предмет две години од 01.03.2012 гоидна од кога го издал Налогот за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ па се до 29.04.2014 година не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побарувањето од страна на должникот во име на доверителот како и тоа дека извршителот вршејќи ја должноста на извршител неоправдано го одложувал извршувањето по извршниот предмет заведен во неговата канцелрија под И.бр.232/12 од 27.02.2012 година, од причина што на ден 27.02.2012 година извршtелот примил барање за извршување врз основа на Решение УПДР.бр.--------- од 27.01.2011 година на нотар В. М. од К. П. и истото го завел под И.бр.232/12 , по што извршителот во конкретниот предмет две години од 30.04.2012 година од кога го издал налогот за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ па до 11.06.2014 година не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побарувањето од страна на

должникот во име на доверителот. Подносителот смета дека ваквото постапување на извршителот е спротивно на чл.27 ст. 2 од Законот за извршување.

Министерот за правда сметајќи дека извршителот сторил дисицплинска повреда по чл. 54- г став 1 алинеја 10 од ЗИ “неоправдано го одложува извршувањето ” па предлага Дисциплинската Комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршител З. М. од К. П. и да му изрече соодветна казна согласно Законот за извршување.

Извршителот З. М. во своја одбрана во писмен одговор и на главен претрес одржан на ден 03.02.2014 година по повод наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка наведе дека во однос на предметот И.бр.182/12 во периодот од месец јули 2012 до мај 2014 година извршителот ја блокирал сметката на должникот односно должникот во предметот И.бр.182/12 имал уште три предмети и тоа И.бр.94/08 и И.бр.77/2010 и И.бр.39/12 а блокадата на сметката на должникот се однесувала за предметите И.бр.94/08 и И.бр.77/10 по што должникот извршил уплати во четири наврати. Понатаму, извршителот наведе дека по предметот И.бр.182/12 извршителот издал Налог за извршување по чл.129 од 29.05.2014 година и налог за извршување по чл.129 од 18.06.2014 година а во периодот од 13.02.2012 година до 29.05.2014 година извршителот ја испитал и имотната состојба на должникот односно дали поседувал движен и недвижен имот по што добил информација дека должникот не поседувал возило додека по однос на недвижен имот добил податок дека истиот поседуал имот. Извршителот наведе дека доверителот бил усмено и писмено известуван за состојбата во предметот односно дека истиот за да може да постапува потребно било да авансира трошоци по кои не добил одговор.

Во однос на предметот И.бр.199/12 извршителот појасни дека превземал извршни дејствија односно издал Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ од 10.12.2012 година, Барање за застанување со извршување од 29.11.2012 година но не можел да превзема други дејствија од причина што доверителот не постапил по барањето за аваснирање на трошоци на постапка.

Извршителот во предметот И.бр.233/12 истакна дека превземал извршни дејствија односно на ден 01.03.2012 година издал Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ како и тоа дека на ден 11.06.2014 година донел Заклучок за прекинување на извршување од причина што со Решение на ЦР на РМ од ден 10.06.2014 година било отворена ликвидација на должникот односно истата била започната на ден 21.11.2011 година а барањето за извршување доверителот го поднел на ден 27.02.2012 година. Извршителот наведе дека по повод овој предмет било донесено Решение ППНИ-24/11 од 04.07.2014 на Основен суд Крива Палнка со кое решение судот го отфрлил приговорот како недозволен а воедно и Претседателот на КИРМ со решение одлучил да не поведува дисциплинска постапка по повод истите наводи.

Во однос на предметот И.бр.232/12 извршителот истакна дека издал Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од Законот за извршување по кој налог приговарале и изјавувале жалби засегнатите страни а по кои било одлучено до месец мај 2013 година, понатаму откако извршителот примил поднесок од доверителот на ден 10.06.2014 година од Централниот регистар извадил тековна состојба видно од која должникот бил активен и упатил барање до доверителот дека за превземање на дополнителни дејствија истиот потребно е да авансира средства за извршување.

Извршителот смета дека вината за непревземање на извршни дејствија е на страна на доверителот од причина што истиот по ниту еден предмет немал авансирано трошоци на извршување односно на сметката на извршителот не уплатил средства ниту за администирарање на предмет ниту за реалните трошоци.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 03.02.2015 година, ги дозволи и изведе следните докази:

- Извештај од Министерство за правда УПП.бр.09-324 од 19.11.2014 година;

**И.бр. 182/12 :**

- Барање за спроведување извршување И.бр.182/12 од 03.02.2012 година од доверител ДГПУ О.- П. ДООЕЛ преку пол. Адвокат М. М.;
- Пресуда Пс.бр.----------- од 21.12.2004 година на Основен суд К.;
- Налог за извршување И.бр. 182/12 по чл.86 ст.1 од ЗИ од ден 13.02.2012 година на Извршител З.М.;
- Доставница на Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ до пол. Адвокат М. М. од ден 13.02.2012 година;
- Доставница на Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ до должник Б.П. од ден 15.02.2012 година;
- Барање за информации И.бр.182/12 по чл.41 ст. 1 од ЗИ од ден 24.02.2012 година на извршител З. М. до ПС К.;
- Повратница И.бр.182/12 од ден 27.04.2012 година, за барање за подтоци по чл.41 ст. 1 од ЗИ, Ургенција за барање податци во И.бр.484/2010 до 478/11 од 25.04.2012 година, Известување од 25.04.2012 во И.бр.31/09 ;
- Известување рег.бр.10.1.7.1-116/2 од 02.05.2012 година од МВР – К.;
- Службена белешка И.бр.182/12 од ден 23.09.2013 година од изв. З. М.;
- Известување до доверител за И.бр.94/08 и И.бр.77/2010 од изв. З. М.;
- Известување И.кр.бр.07-216/09, И.пкр.бр.07-276/08 од 17.12.2013 година на Државно правобранителство на РМ за И.бр. 77/2010 и И.бр. 94/08 до извршител З. М.;
- Поднесок од ДГПУ О.- П.ДООЕЛ од 26.05.2014 година до изв. З. М.;
- Барање за информации И.бр.182/12 до Агенција за вработување ПС К. П. по чл.41 ст. 1 од ЗИ од ден 29.05.2014 година од изв. З. М.;
- Барање за информации И.бр.182/12 до Министерство за Финсансии- УЈП К. по чл.41 ст. 1 од ЗИ од ден 29.05.2014 година од изв. З. М.;
- Известување од Агенција за вработуваање – Центар за вработување К. П.;
- Налог за извршување И.бр.182/12 по чл.129 од ЗИ од ден 29.05.2014 година на изв. З. М.;
- Известување до доверител за И.бр.182/12, И.бр. 199/12, И.бр.232/12 и И.бр.233/12 од изв. З. М. на ден 29.05.2014 година;
- Повратница за Налог за извршување И.бр.182/12 по чл.129 од ЗИ од ДГПУ О.- П. ДООЕЛ од ден 02.06.2014 година;
- Поднесок од доверителот ДГПУ О.- П. ДООЕЛ до изв. З. М. од ден 05.06.2014 година;
- Доставница на Барање за податоци и информациии по чл.41 ст. 1 од ЗИ до Министерството за Финансии- УЈП К. од ден 12.06.2014 година;
- Достава на податоци бр. 2449-234/2 од 12.06.2014 година од Министерството за финансии-Регионална Дирекција Ш.- Даночен Шалтер К. за И.бр.182/12 до изв.З. М.;
- Претставка од доверителот ДГПУ О.- П. ДООЕЛ до Претседателот на КИРМ за И.бр.182/12, И.бр.199/12, И.бр.232/12 и И.бр. 233/12 од 17.06.2014 година;
- Налог за извршување И.бр.182/12 по чл.129 од ден 18.06.2014 година на изв. З. М.;
- Известување до доверител ДГПУ О.- П. ДООЕЛ за авансирање на трошоци И.бр. 182/12 од 24.06.2014 година на изв. З. М.;
- Профактура бр. 1 за И.бр.182/12 на изв. З. М. од ден 23.06.2014 година;
- Одговор на Пр.бр.131/14 на изв. З.М. од ден 23.06.2014 година до КИРМ;
- Дополнување на одговор по Пр.бр.131/14 на изв. З. М. од ден 23.06.2014 година до КИРМ;
- Исправка на одговор по Пр.бр.131/14 на изв. З. М.од ден 25.06.2014 година до КИРМ;
- Барање УПП.бр.09-324 од 24.06.2014 година на Министерството за правда до извршител З. М.;
- Повратница за Налог за извршување по чл.129 од ЗИ за И.бр.182/12 од доверител ДГПУ О.- П. ДООЕЛ од ден 27.06.2014 година;
- Повратница за Налог за извршување по чл.129 од ЗИ за И.бр.182/12 од должник Б. П. од ден 27.06.2014 година;

- Известување по Пр.бр.131/14 од 01.07.2014 година на изв. З. М. до КИРМ;
- Повратница за Налог за извршување по чл.129 од ЗИ за И.бр.182/12 од 29.05.2014 година и Налог за извршување по чл.129 од ЗИ од 18.06.2014 година од доверител ДГПУ О.-П.ДООЕЛ од ден 27.07.2014 година;
- Одговор на извршител по УПП.бр.09-324 на Министерството за правда од ден 03.07.2014 година;
- Повратница од Министерството за Правда од ден 07.07.2014 година;
- Решение ППНИ.бр.24/14 од ден 04.07.2014 година на Основен суд К.П.;
- Решение Пр.бр.131/14 од ден 16.09.2014 година на КИРМ;

**И.бр. 199/12 :**
- Барање за спроведување извршување за И.бр.199/12 од ден 14.02.2012 година од доверител ДГПУ О.- П. ДООЕЛ ;
- Пресуда П.бр.---------- година од ден 07.09.2004 година на Основен суд К. П.;
- Налог за извршување И.бр.199/12 по чл.86 ст.1 од ЗИ од ден 14.02.2012 година на изв.;
- Доставница на Налог за извршување И.бр.199/12 по чл.86 ст.1 од ЗИ до доверител од ден 16.02.2012 година;
- Барање за информации И.бр. 199/12 по чл.41 од ЗИ од ден 14.03.2012 година до ПС К. П. од извршител;
- Доставница на барање за информации и податоци И.бр.199/12 до ПС К. П. од ден 21.03.2012 година;
- Одговор на барање бр. 10.1.7.2-302/2 од ден 26.03.2012 година од МВР – К.П.;
- Барање за информации И.бр. 199/12 по чл.41 од ЗИ од ден 29.03.2012 година до АВРМ – Центар за вработување К. П.;
- Доставница на барање за податоци и информации И.бр. 199/12 по чл.41 од ЗИ година од АВРМ – Центар за вработување К. П. од ден 30.03.2012 година ;
- Барање за информации и податци И.бр.199/12 по чл.41 од ЗИ до ФПИОМ- ПС К. П. од ден 22.05.2012 година;
- Барање за информации и податци И.бр.199/12 по чл.41 од ЗИ до Центар за социјални грижи – Пс К. П. од ден 22.05.2012 година;
- Доставница на барање за податоци и информации И.бр. 199/12 по чл.41 од ЗИ година од ФПИОМ од ден 25.05.2012 година;
- Доставница на барање за податоци и информации И.бр. 199/12 по чл.41 од ЗИ година од Центар за социјални грижи – ПС од ден 25.05.2012 година;
- Одговор на барање бр. 03-1285 од 28.05.2012 година на ФПИОМ до извршител;
- Одговор на барање од Јавна установа- Меѓуопштински центар за социјална работа од ден 30.05.2012 година до извршител;
- Известување од КИБС бр. 78/175 од 30.05.2012 година до извршител;
- Налог за извршување И.бр.199/12 по чл.137 од ЗИ од ден 30.05.2012 година;
- Доставница на Налог за извршување И.бр.199/12 по чл.137 од ЗИ до П. Б. АД С. од ден 23.06.2012 година;
- Повратница за Налог за извршување И.бр. 199/12 по чл.137 од ЗИ од должник З. Ѓ. од ден 20.06.2012 година;
- Доставница на Налог за извршување И.бр.199/12 по чл.137 од ЗИ до доверител .од ден 23.07.2012 година;
- Барање од должник до Претседател на Основен суд К. П. од ден 12.11.2012 година;
- Известување И.бр.199/12 од извршител до Претседател на Основен суд К. П. од ден 16.11.2012 година;
- Барање од должник до извршител од 26.11.2012 година;
- Решение ППНИ.бр.27/2012 од ден 20.11.2012 година на Основен суд К. П;
- Барање до ФПИОМ – К. П. од извршител од ден 27.11.2012 година;

- Одговор на барање на ФПИОМ бр. 03-1285/2 од 29.11.2012 година до извршител;
- Барање за застанување со извршување врз основа на чл.205 ст.1 од ЗИ, И.бр. 199/12 од ден 29.11.2012 година;
- Доставница на барање за застанување со извршување И.бр.199/12 до П. Б.АД С. на ден 30.11.2012 година;
- Налог за извршување И.бр.199/12 по чл.86 ст. 1 од ЗИ од ден 10.12.2012 година ;
- Повратница на Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ И.бр.199/12 од должник од ден 18.12.2012 година;
- Доставница на барање за застанување со извршување И.бр.199/12 до доверител од ден 27.12.2012 година;
- Доставница на Налог за извршување И.бр.199/12 по чл.86 ст.1 од ЗИ до доверител од ден 27.12.2012 година;
- Поднесок од доверител до извршител од ден 26.05.2014 година;
- Барање за ажурирање на податок И.бр.199/12 до ФПИОМ од ден 28.05.2014 година;
- Известување до доверител И.бр.199/12 од ден 29.05.2014 година од извриштел;
- Поднесок од доверител И.бр.199/12 од ден 05.06.2014 година до извршител;
- Известување до доверител за И.бр.199/12 од ден 09.06.2014 година од извршител;
- Фактура бр.1 за И.бр.199/12 од извршител;
- Повратница на известување од 09.06.2014 година И.бр. 199/12 од 12.06.2014 година;
- Претставка од доверител од ден 17.06.2014 година до КИРМ;
- Одговор на Претставка Пр.бр.131/14 од ден 24.06.2014 година на извршител до КИРМ;
- Барање одговор од Министерство за правда УПП.бр.09-324 од 24.06.2014 година од извршител;
- Произнесување по претставка УПП.бр.09-324 од ден 03.07.2014 година на извршител до Министерство за правда;
- Повратница од Министерство за правда УПП.бр.09-324 од ден 08.07.2014 година;
- Решение ППНИ-24/14 од ден 04.07.2014 година на Основен суд К.П.;
- Решение Пр.бр.131/14 од ден 16.09.2014 година на КИРМ;

**И.бр.232/12 :**
- Барање за спроведување извршување од доверител од ден 22.02.2012 година до извршител;
- Решение УПДР.бр.------- од Нотар В. М. К. П. од ден 27.01.2012 година;
- Налог за извршување И.бр. 232/12 по чл.202 ст.1 од ЗИ од ден 27.02.2012 ;
- Доставница на Налог за извршување И.бр. 232/12 по чл.202 ст.1 од ЗИ од ден 27.02.2012 до Н. Т. Б. АД С. ;
- Доставница на Налог за извршување И.бр. 232/12 по чл.202 ст.1 од ЗИ од ден 27.02.2012 до доверител од ден 28.02.2012 година;
- Повратница за Налог за извршување И.бр. 232/12 по чл.202 ст.1 од ЗИ од должник од ден 27.02.2012 година;
- Налог за извршување И.бр. 232/12 по чл.86 од ЗИ од ден 30.04.2012 година на извршител;
- Доставница на Налог за извршување И.бр. 232/12 по чл.86 од ЗИ од ден 30.04.2012 до доверител на ден 02.05.2012 година ;
- Доставница на Налог за извршување И.бр. 232/12 по чл.86 од ЗИ од ден 30.04.2012 до должник на ден 19.03.2013 година;
- Службена Белешка И.бр. 232/12 од ден 19.03.2013 година на извршител;
- Приговор од должник од ден 22.03.2013 година до Основен суд К. П.;
- Дополнување кон барање од должник од ден 01.04.2013 година до Основен суд К. П.;
- Достава на списи по И.бр. 232/12 од ден 02.04.2013 година на извршител до Основен суд К. П. ;

- Доставница на поднесок од 02.04.2013 до Основен суд К. П. на ден 02.04.2013 година од извршител;
- Решение ППНИ.бр.6/13 од ден 03.04.2013 година на Основен суд К. П.;
- Жалба од должник од ден 22.04.2013 година до Апелационен суд С.;
- Службена Белешка И.бр.232/12 од ден 26.04.2013 година на извршител;
- Доставница на жалба од 23.04.2013 година до доверител на ден 26.04.2013 година од извршител;
- Решение ТСЖ.бр.958/13 од ден 16.05.2013 година на Апелациониот суд С.;
- Службена белешка И.бр.232/13 од ден 28.05.2013 година на извршител;
- Поднесок од доверител од ден 26.05.204 година до извршител
- Известување од извршител од ден 30.05.2014 година до доверител;
- Поднесок од доверител од ден 05.06.2014 година до извршител;
- Барање за информации и податоци за И.бр. 232/12 по чл.41 од ЗИ до Централен регистар на РМ од ден 10.06.2014 година од извршител;
- Уплата за Тековна состојба за И.бр.232/12 од ден 10.06.2014 година;
- Тековна состојба бр. _________ од 10.06.2014 година од ЦР на РМ;
- Повратница за известување од 12.06.2014 година за И.бр.232/12 од доверител од ден 17.06.2014 година;
- Известување до доверител за И.бр.232/12 од ден 12.06.2014 година на извршител;
- Профактура бр. 1 за И.бр.232/12 од извршител;
- Претставка Пр.бр.131/14 од доверител од ден 17.06,2014 година до КИРМ;
- Одговор на претставка Пр.бр.131/14 од извршител од ден 24.06.2014 година до КИРМ;
- Барање одговор од Мин. За правда УПП.бр.09-324 од 24.06.2014 година од извршител;
- Произнесување по претставка УПП.бр.09-324 од ден 03.07.2014 година на извршител до Министерство за правда;
- Повратница од Мин за правда УПП.бр.09-324 од ден 08.07.2014 година;
- Решение ППНИ-24/12 од ден 04.07.2014 година на Основен суд К.П.;
- Решение Пр.бр.131/14 од ден 16.09.2014 година на КИРМ;

**И.бр.233/12:**
- Барање за спроведување извршување од доверител од ден 27.02.2012 година до извршител;
- Налог за извршување И.бр.233/12 по чл.202 ст.1 од ЗИ од ден 27.02.2012 година;
- Доставница на Налог за извршување И.бр.233/12 по чл.202 ст.1 од ЗИ од ден 27.02.2012 до У. Б. АД С. на ден 28.02.2012 година;
- Доставница на Налог за извршување И.бр.233/12 по чл.202 ст.1 од ЗИ од ден 27.02.2012 до доверител на ден 28.02.2012 година;
- Известување бр. 10-3569/2 од ден 01.03.2012 година од У. Б. АД С. до извршител;
- Службена белешка И.бр.233/12 од ден 01.03.2012 година на извршител;
- Налог за извршување И.бр.233/13 по чл.86 од ЗИ од ден 01.03.2012 година ;
- Доставница на Налог за извршување И.бр.233/13 по чл.86 од ЗИ од ден 01.03.2012 и служ.белешка од 01.03.2012 година до доверител на ден 01.03.2012 година;
- Повратница на Налог за извршување И.бр.233/12 по чл.202 од 27.02.2012 година од должник од ден 02.03.2012 година;
- Повратница на Налог за извршување И.бр.233/12 по чл.86 од ЗИ од 01.03.2012 година од должник од ден 02.03.2012 година;
- Известување на извршител до должник од ден 25.04.2012 година;
- Поднесок од доверител од ден 26.05.204 година до извршител;
- Известување од извршител од ден 30.05.2014 година до доверител;
- Барање за информации и податци И.бр.233/12 по чл.41 ст. 1 од ЗИ до Централен регистар на РМ од ден 29.05.2014 година од извршител;

- Поднесок од доверител од ден 05.06.2014 година до извршител;
- Уплата за Потврда за ликвидација за И.бр.233/12 од ден 10.06.2014 година;
- Потврда за ликвидација бр. ________ од 10.06.2014 година од ЦР на РМ;
- Заклучок за прекинување на извршување И.бр. 233/12 врз основа на 29 ст. 4 од ЗИ од ден 11.06.2014 година;
- Повратница на Заклучок за прекинување на извршување И.бр. 233/12 од должник на ден 17.06.2014 година;
- Повратница на Заклучок за прекинување на извршување И.бр. 233/12 од доверител на ден 17.06.2014 година;
- Претставка Пр.бр.131/14 од доверител од ден 17.06,2014 година до КИРМ;
- Одговор на претставка Пр.бр.131/14 од извршител од ден 24.06.2014 година до КИРМ;
- Барање одговор на Мин. За правда УПП.бр.09-324 од 24.06.2014 година од извршител;
- Произнесување по претставка УПП.бр.09-324 од ден 03.07.2014 година на извршител до Мин. за правда;
- Повратница од Мин за правда УПП.бр.09-324 од ден 08.07.2014 година;
- Решение ППНИ-24/12 од ден 04.07.2014 година на Основен суд К. П.;
- Решение Пр.бр.131/14 од ден 16.09.2014 година на КИРМ;
- Налог за извршување И.бр.94/08 по чл.137 од ЗИ од ден 05.07.2012 година ;
- Налог за извршување И.бр.77/10 по чл.137 од ЗИ од ден 05.07.2012 година ;
- Доставница на Налог за извршување И.бр.94/08 од ден 05.07.2012 до Ц.К. Б. АД С. на ден 11.07.2012 година;
- Доставница на Налог за извршување И.бр.77/10 од ден 05.07.2012 до Ц.К. Б. АД С. на ден 11.07.2012 година;
- Повратница за Налог за извршување И.бр.94/08 од ден 05.07.2012 и Налог за извршување И.бр.77/10 од ден 05.07.2012 од должник Б. П. од ден 17.07.2012 година;
- Доставница на Налог за извршување И.бр.94/08 по чл.137 од ЗИ до доверител на ден 20.07.2012 година;

- Доставница на Налог за извршување И.бр.77/10 по чл.137 од ЗИ до доверител на ден 20.07.2012 година;
- Извод бр. 32 за промените и состојбите на средствата на сметката на ден 15.02.2012 година на извршител;
- Извод бр.70 за промените и состојбите на средствата на сметката на ден 03.04.2012 година на извршител;
- Извод бр.145 за промените и состојбите на средствата на сметката на ден 16.07.2012 година на извршител;
- Извод бр.92 за промените и состојбите на средствата на сметката на ден 07.05.2014 година на извршител;
- Исплатени средства за И.бр.77/10;
- Пристигнати средства за И.бр. 77/10;
- Налог за извршување И.бр.39/12 по чл. 129 од ЗИ од ден 29.05.2014 година ;
- Налог за извршување И.бр.39/12 по чл.134 ст. 2 од ЗИ од ден 16.09.2014 година;
- Налог за извршување И.бр.39/12 по чл.134 ст. 2 од ЗИ од ден 02.12.2014 година;
- Известување за И.бр. 94/08 од МРВ –К. П. бр. ______ од 19.10.2012 година до извршител;
- Имотен лист бр. 1679 за КО К. од Агенција за катастар на недвижности бр. ______ од 15.03.2013 година;
- Известување на извршител за И.бр.94/08 и И.бр.77/10 од ден 03.10.2013 година до доверител;
- Известување на извршител за И.бр.94/08 и И.бр.77/10 од ден 13.11.2013 година до доверител;
- Известување по барање на податоци од доверител Икр.бр._____ Ипкр.бр.07-276/08____

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

По предметот И.бр.182/12 од 03.02.2012 година извршителот од страна на доверителот ДГПУ О.- П. ДООЕЛ К. П., преку неговиот полномошник адвокат М. М.од К. П, примил барање за извршување врз основа на извршна судска одлука Пресуда ПС.бр.____- од 21.12.2004 година на Основен суд К.при што доверителот побарал од извршителот да превземе соодветни извршни дејствија и од должниците ТП Б. да го наплати паричното побарување.

Постапувајќи по поднесеното барање за извршување, извршителот на ден 13.02.2012 година издал Налог за извршување врз основа на чл.86 ст. 1 од ЗИ по што должникот го примил налогот на ден 15.02.2012 година .

На ден 24.04.2012 година извршителот изготвил барање за информации и податоци поради спроведување на извршување по чл.41 ст. 1 од ЗИ со кое од МВР- ПС К. барал информации и податоци дали должникот Б. П.поседувал подвижен имот- возило.

На ден 07.05.2012 година извршителот примил писмено известување од МВР- ПС К. дека на име на должникот не евидира регистирарано моторно возило.

На ден 29.05.2014 година извршителот до АВРМ на РМ поднел барање за информации и податоци по чл.41 ст. 1 од ЗИ со кое барал информации и податоци дали должникот е вработен , кај кој работодвач а доколку не е вработен дали прима надомест по основ на невработеност.

На ден 29.05.2014 година извршителот изготвил барање за информации и податоци по чл.41 ст. 1 од ЗИ до Министерство за финансии- УЈП К. со кое барал информации и податоци дали должникот се води во евиденцијата кај УЈП К..

На ден 29.05.2014 година извршителот од АВРМ на РМ примил писмено известување дека должникот е вработен кај работодавачот Друштво за производство, трговија и услуги ДПТУ Е. П. К.ДООЕЛ Кратово.

На ден 29.05.2014 година извршителот издал Налог за извршување по чл.129 од ЗИ и го доставил до работодавачот на ден 02.06.2014 година.

На ден 12.06.2014 година извршителот од страна на Министерството за финансии – УЈП К. примил допис дека ТП Б. СТД К. во матичната евиденција во УЈП стои одјавен даночен обврзник од 20.01.2000 година.

На ден 18.06.2014 година извршителот издал Налог за извршување по чл.129 од ЗИ и го доставил до работодавачот на должникот на ден 27.06.2014 година.

На ден 24.06.2014 година извршителот до доверителот доставил профактура и известување за авансирање на реални трошоци во И.бр.182/12 и го известил доверителот дека должникот има недвижен имот на Имотен лист бр.1679 за КО К.и за да извршителот направил прибелешка на истиот потребно било во рок од 15 до 30 дена од денот на приемот на известувањето да авансира износ од 3.500,00 денари на име реални трошоци.

По предметот И.бр.199/12 од 14.02.2012 година извршителот постапувал по примено барање за извршување од доверителот ДПГУ О.- П. ДООЕЛ К. П. засновано на извршна исправа Пресуда I.П.бр.____ од 07.09.2004 година на Основниот суд К. П. против должникот З. Ѓ.

Постапувајќи по барањето за извршување, извршителот на ден 14.02.2012 година издал Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ кој го доставил до должникот на ден 23.02.2012 година.

На ден 14.03.2012 година извршителот изготвил барање за информации и податоци поради спроведување на извршување врз основа на чл.41 ст. 1 од ЗИ со кое барал информации и податоци за должникот и тоа ЕМБГ и адреса на живеење кое го доставил до МВР- ПС К. на ден 21.03.2012 година.

На ден 29.03.2012 година извршителот со писмено известување од МВР-ПС К. П. добил податоци за ЕМБГ и адреса на живеење на должникот.

На ден 29.03.2012 година извршителот изготвил барање за информации и податоци поради спроведување на извршување по чл.41 ст. 1 од ЗИ до АВРМ на РМ за тоа дали должникот е вработен, кај кој работодавач и ЕМБС на работодавачот.

На ден 22.05.2012 година извршителот изготвил Барање за информации и податоци по чл.41 ст. 1 од ЗИ кое го доставил до Фондот за ПИОМ на ден 25.05.2012 година со кое барал информации и податоци дали должникот е корисник на пензија, кој е пензискиот број и дали според износот истата спаѓа во категоријата на пензии со минимален износ, по што на ден 28.05.2012 година до Фондот за ПИОМ К. П. добил информации дека должникот не е корисник на пензија.

На ден 22.05.2012 година извршителот изготвил барање за информции и податоци по чл.41 ст. 1 од ЗИ кое го доставил до Јавна установа Центар за социјални грижи на ден 25.05.2012 година со кое барал информации и податоци дали должникот е корисник на надомест по било кој основ што го определува Центарот за социјални грижи, по што на ден 30.05.2012 година добил писмено известување од установата дека должникот не е корисник на парична помош или друг облик на социјална заштита.

По поднесеното барање за информации и податоци до К. АД С., извршителот на ден 30.05.2012 година добил известување дека должникот има трансакциска сметка во П. Б. АД С..

На ден 30.05.2012 година извршителот издал Налог за извршување по чл.137 ст. 1 од ЗИ и го доставил до носителот на платен промет.

На ден 12.11.2012 година должникот до Основен суд К. П. поднел барање каде го известува судот дека од шести месец 2012 година не примил паричен надомест за инвалидност во износ од 539,00 денари што и бил определен од Фондот за ПИОМ и барал да се деблокира сметката која била блокирана од страна на извршителот.

Претседателот на Основен суд К. П.на ден 20.11.2012 година донел Решение ППНИ бр.27/2012 со кое приговорот на должникот го отфрлил како неуреден.

На ден 27.11.2012 година, извршителот изготвил барање за информации кое го доставил до Фондот за ПИОМ со кое барал информации дали должникот има примање врз основа на надоместок поради телесно оштетување според прописите на инвалидското осигурување, по што на ден 29.11.2012 година извршителот примил одговор во кој било наведено дека должникот е корисник на паричен надоместок за телесно оштетување во износ од 546,00 денари месечно и дека согласно чл.152 ст. 3 од Законот за ПИО паричниот надоместок за телесно оштетување не може да биде предмет на извршување.

На ден 29.11.2012 година, извршителот изготвил барање за застанување со извршување врз основа на чл.205 ст. 1 од ЗИ и го доставил до носителот на платен промет.

На ден 10.11.2012 година извршителот издал Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ и до доверителот доставил фактура на име аваснирање на средства за извршниот предмет И.бр.192/12.

По предметот И.бр.233/12 од 14.02.2012 година извршителот примил барање за извршување од страна на доверителот ДГПУ О.- П.ДООЕЛ К. П. врз основа на извршна исправа Решние ПЛ- ТС-_____ од 26.04.2011 година на Основен суд К.против должникот Ц.- В.ДООЕЛ К. П..

Постапувајќи по барањето за извршување, извршителот на ден 27.02.2012 година издал Налог за извршување врз основа на чл.202 од ЗИ кој го доставил до носителот на платен промет на ден 28.02.2012 година.

На ден 01.03.2012 година извршителот од носителот на платен промет примил писмено известување во врска со доставениот налог за извршување со кое се известува дека должникот од налогот не постои и дека сметката отвроена за наведениот клиент е затворена на ден 07.12.2011 година и на извршителот му го вратиле налогот.

Врз основа на издадената изјава кај извршителот од страна на доверителот на ден 01.03.2012 година извршителот изготивл Службена белешка дека доверителот се откажува од каматата на процесните трошоци.

На ден 01.03.2012 година извршителот издал Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ и го доставил до должникот на ден 01.03.2012 година.

Бидејќи должникот не постапил по налогот за извршување,извршителот на ден 25.04.2012 година писмено го известил и предупредил должникот дека ако не го плати долгот во рок од три дена ќе пристапи кон попис, порцена, пленидба и продажба на подвижни предмети.

На ден 29.05.2014 година извршителот до ЦРМ на РМ поднел барање за информации и податоци по чл.41 ст. 1 од ЗИ со кое побарал потврда за ликвидација по што на ден 10.06.2014 година добил потврда дека врз должникот Ц.- В. ДООЕЛ К. П. со решение на ЦРМ од 26.11.2011 година е отворена ликвидациона постапка.

Извршителот на ден 11.06.2014 година донел Заклучок за прекинување на извршување кога странката не е правно лице по чл.29 ст. 4 од ЗИ врз основа на кој се прекинува извршувањето према должникот за што биле известени странките во постапката.

По предметот И.бр.232/12 од 14.02.2012 година извршителот постапувал по примено барање за извршување врз основа на извршна исправа Решение УПДР.бр.____ од 27.01.2011 година на нотар В. М. од К. П. против должникот С. експорт-иморт К. П..

Постапувајќи по барањето за извршување извршителот на ден 27.02.2012 година издал Налог за извршување по чл.202 од ЗИ и го доставил до носителот на платен промет на де 28.02.2012 година, до довертелот на де 27.02.2012 година и до должникот на ден 19.03.2013 година за што извршителот изготвил Службена белешка.

На ден 30.04.2012 година извршителот издал Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ кој го доставил до должникот на ден 19.03.2013 година.

По поднесениот приговор од страна на должникот до Основен суд К. П. против Налогот за извршување И.бр.232/122 на ден 03.04.2013 година Основниот суд К. П. донел Решение ППНИ.бр.6/13 со кое приговорот го отфрлил како неуреден.

На ден 25.04.2013 година должникот преку Основниот суд К. П. до Апелациониот суд С. поднел жалба против решението ППИ.бр.6/13 а на ден 26.04.2013 година извршителот составил Службена белешка во која навел дека при доставата на жалбата проитв решението сопругата на доверителот одбила прием на истата.

На ден 16.05.2013 година Апелациониот суд С. донел Решение ТСЖ.бр.958/13 со кое жалбата на должникот ја одбил како неоснована а репението ППНИ.бр.6/13 од 03.04.2013 година на Основен суд К. П. го потврдил.

Решението ТСЖ.бр.958/13 од 16.05.2013 година од Апелациониот суд С. извршителот уредно го доставил до странките за што извршителот составил Службена белешка на ден 28.05.2013 година.

На ден 29.04.2014 година извршителот изготвил Барање за информации и податоци за спроведување на извршување врз основа на чл.41 ст. 1 од ЗИ кое го доставил до Централниот регистар на РМ со кое барал информации и податоци поради извршување против должникот и во рок од три дена да му биде доставена тековна состојба за должникот.

На ден 10.06.2014 година извршителот примил тековна состојба за должникот од Централен регистар на РМ и на ден 12.06.2014 година со писмено известување за авансирање по извршниот предмет писмено се обратил до доверителот во кое навел дека потребно е да авансира износ од 6.000 денари на име реални трошоци.

Во врска со извршните предмети И.бр.182/12, И.бр.199/12, И.бр.232/12 и И.бр.233/12 доверителот до Основен суд К. П. поднел приговор против извршителот за неправземње на извршни дејствија по извршените предмети кој приговор Основниот суд К. П. со Решение ППНИ-24/14 го отфрлил како недзоволен.

На ден 26.05.2014 година извршителот од страна на доверителот примил писмен поднесок во кој доверителот бара од извршителот да го извести што конкретно и дали воопшто имал превземено нешто во насока на извршување по извршните предмети од каде што на ден 29.05.2014 година извршителот со писмен поднесок го известил доверителот по однос на превземните извршни дејствија.

На ден 05.06.2014 година доверителот до извршителот по втор пат доставил поднесок и побарал од извршителот да биде известен конкретно дали воопшто има превземено нешто во насока на спроведување на извршувањето по извршните предмети.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ одлучувајќи по повод основаноста за предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот сторил дисциплинска постапка по чл. 54-г став 1 алинеја 10 од ЗИ " неоправдано го одложува извршувањето" на начин што вршејќи ја должноста извршител неоправдано го одложувала извршувањето по извршните предмети И.бр.182/12, И.бр.199/12, И.бр.232/3 и И.бр.233/13 и тоа во период од околу две години не превземала извршни дејствија со цел да ги наплати побарувањата на доверителот.

Имено, видно од изведените докази по И бр.182/12 извршителот две години односно од 13.02.2012 година кога го издал Налогот за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ, па се до 29.05.2014 година не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побарувањето од страна на должникот во име на доверителот.

Извршителот вршејќи ја должноста извршител по предмет И.бр.199/12 две години од 10.11.2012 година од кога издал Налог за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ, не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побрувањето од страна на должникот во име на доверителот.

Извршителот вршејќи ја должноста на извршител неоправдано го одложувал извршувањето по извршниот предмет заведен во неговата канцеларија под И.бр.233/12 две години од 01.03.2012 година од кога го издал Налогот за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ па се до 29.04.2014 година не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побарувањето од страна на должникот во име на доверителот;

Извршителот вршејќи ја должноста на извршител неоправдано го одложувал извршувањето по извршниот предмет заведен во неговата канцеларија под И.бр.232/12 со тоа што две години од 30.04.2012 година од кога го издал налогот за извршување по чл.86 ст. 1 од ЗИ па до 11.06.2014 година не превземал никакво извршно дејствие за да го наплати побарувањето од страна на должникот во име на доверителот.

Дисциплинската комисија смета дека сторените повреди на извршителот се состојат во тоа што и покрај тоа што извршителот издал налози по член 86 од ЗИ истиот не пристапил кон спроведување на овој налог и спровел постапка за попис, пленидба и продажба цели две години со што неосновано и без оправдани причини не ја спровел постапката по донесениот налог.

Имајќи го во предвид наведеното кое произлегува од фактичката состојба и доказите, Дисциплинската Комисија е на мислење дека извршителот го сторил битието на делото кое му се става на товар од член 54 –г алинеја 10 од ЗИ од ЗИ " неоправдано го одложува извршувањето" по наведените извршни предмети а за која повреда е предвидена парична казна.

Комисијата ја ценеше одбраната на извршителот а особено околноста дека за ниту еден од извршните предмети доверителот немал авансирано трошоци на постапка за да би можел истиот да превзема извршни дејствија, но истото не влијаеше за поинакво одлучување од страна на Дисциплинската комисија имено, видно од изведените докази предметите се заведени во 2012 година, извршителот по истите отпочнал да превзема соодветни дејствија а известување за авансирање на трошоци на постапката до доверителот доставил дури по две години во 2014 годнина со изготвување фактури, про-фактура односно Известување за авансирање на трошоци по соодветните предмети. Во конкретниот случај повредата која му се става на товар на извршителот е за непревземање на дејствие односно одолговлекување на постапката во период од 2012 до 2014 година.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности. Имено, како олеснителната околност Комисијата го ценеше фактот дека извршителот ја испитувал имотната состојба на должниците и од претходно заведените предмети знаел дека должниците не поседуваат имот а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда и околноста дека извршителот претходно е дисциплински казнуван со Решение ДП.бр.383 од 17.12.2013 година со парична казна од ____ ЕУР, па

во склоп на истите ја одмери дисциплинската мерка. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 03.02.2015 година согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител З. М. од К. П. да плати на име парична казна износ во висина од _____- евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр.-_________ во С. Б.АД С., во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Дисциплинска комисија,
Претседател
Снежана Фитеска

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

**Д.н.:** Министерство за правда
Претседател на КИРМ
Извршител З. М. од К. П.
Архива